Во учебната 2016/2017 година, во ООУ „Тихомир Милошевски “ стартуваше проектот

***„ Безбедни училишта“***

На ден, 10.10.2016 година, во ООУ „ Тихомир Милошевски “ стартуваше проектот „ Безбедни училишта “, чиј носител е Министерството за внатрешни работи.

На состанокот се формира **Клуб за превенција**, составен од 20 ученици од VI, VII, VIII и IX одделение, кои во претстојниот период ќе посетуваат работилници со лица вработени во полициската станица Ѓорче Петров.

Активностите ќе се реализираат преку формирање на Клуб за превенција, а истите ќе се реализираат во форма на едукативнио работилници кои ќе се одржуваат двапати месечно сè до крајот на учебната 2016/2017 година. Предавањата ќе опфатат дискусија на дванаесет главни теми од областа на човековите права и права на децата, насилство, зависности и сообраќај. Освен тоа, на работилниците ќе се дискутира и за злоупотребата на пиротехнички материјали, трговијата со деца и други актуелни теми, кои особено ги засегаат младите.

На работилниците пред сè ќе биде ставен акцент на превентивните активности и мерките, и запознавање со законските прописи, кои учениците самите можат да ги преземат, со цел да се спречат негативните појави во локалната заедница, а со тоа и во општеството во целина.

За таа цел, во рамките на овој проект е испечатена брошура „Мојата безбедност зависи и од мене“ наменета токму за учениците каде ќе бидат споменати сите теми, со цел тие самите да увидат дека можат со своето однесување да придонесат за зголемување на безбедноста.

Исто така, во рамките на проектот, учениците ќе имаат можност да ја посетат полициската станица „Ѓорче Петров“ и да се запознаат подетално со работата и улогата на полицијата, а потоа стекнатите знаења и искуствата од работилниците на различни теми да ги пренесат и на другите ученици во училиштето.

Одговорно лице за спроведување на проектот во училиштето е Ирена Мирческа, психолог, стручен соработник.



